ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
БИТОЛА
ул.Партизанска б.б. 7000 Битола тел:047 208 100, факс: 047 253 609
www.cjzbt.org.mk e-mail: zzzbt@t-home.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МОГИЛА
10.06.2025
Број Прилог
05 184/15
Република Северна Македонија
Јавна здравствена установа
Центар за јавно здравје Битола
БР. 09-26/103
04.06 20 25 год.
Битола

**До**
**Општина Могила, Општински инспекторат**
**Сектор за внатрешни работи Битола ПО Могила**
**ДСЗИ П.О. Битола**
**Регионален Центар за управување со кризи- Битола**
**Здружение на индивидуални пчелари Нектар Битола**
**МИА – Битола**

ПРЕДМЕТ: ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО ПРЕТСТОЈНАТА ПРВА ФАЗА ОД ПРЕВЕНТИВНАТА СИСТЕМАТСКА ДЕЗИНСЕКЦИЈА ЗА УНИШТУВАЊЕ НА ВОЗРАСНИ ФОРМИ НА КОМАРЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МОГИЛА

Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести и препораките на Министерството за здравство, а врз основа на одлуката на Советот на **Општина Могила** за спроведување на превентивна систематска дезинсекција на територијата на **Општина Могила** како општа противепидемиска мерка, ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола го издава следново соопштение:

**Ве известуваме дека во деновите 9.6.2025 (понеделник) и 10.06.2025 (вторник) , екипи на Центарот за јавно здравје ќе ја спроведуваат ПРВАТА ФАЗА од теристичката (од земја) дезинсекција со цел уништување на возрасните форми на комарците.** Запрашувањето ќе се врши во периодот од 19:00 до 02:00 часот, со апаратура за УЛВ ладно запрашување поставена на пикап-возило. Со оглед на тоа дека активностите ќе се изведуваат во вечерните часови, возилото за дезинсекција ќе биде означено со ротационо светло.

Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени зелените површини во Општината, подрачјата по течението на реки, водотоци, подрачјата околу каналниот систем на територијата на Општина Могила, локалитети со застојни водени површини, урбани населби и локалитети предвидени во планот и програмата.

Третирањето ќе се изведува со препаратот AQUA K-OTHRINE со активна супстанца DELTAMETRIN.

Со информации за активностите од страна на ЈЗУ ЦЈЗ Битола известени се и медиумите, здруженијата на пчеларите, здравствените институции, локалната самоуправа и други институции.

Во случај на појава на неповолни временски услови (ветар, дожд) дезинсекцијата се одложува за следниот поволен ден.

За сите информации и прашања отворен телефон за контакт во Центарот за јавно здравје Битола 047 208-100, 047 208-120.

Со почит,
Битола, 4.6.2025 година

Изработил:
д-р Тони Гроздановски
специјалист по епидемиологија
Одделение за Епидемиологија

---------------------------------------

Контролирал:
**ВД Директор на**
**ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола**
м-р сци.мед. д-р. Светлана Поповска Кљусева
специјалист по епидемиологија

---------------------------------------

Република Северна Македонија Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје Битола